# ПРЕДЛОГ-ПЛАН ЗА ОДЛУЧНА АКЦИЈА ПРОТИВ ШИРЕЊЕ ДЕЗИНФОРМАЦИИ

Влада на Република Северна Македонија

# I. БЕЗБЕДНОСНИ МЕРКИ

1. РЕВИДИРАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕ И КРЕИРАЊЕ НОВИ ВНАТРЕШНИ БЕЗБЕДНОСНИ ПРОТОКОЛИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ И КОМУНИКАЦИЈА СО НАДВОРЕШНИ СУБЈЕКТИ, СО ЦЕЛ НАМАЛУВАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОТЕКУВАЊЕ НА СЕНЗИТИВНИ ИНФОРМАЦИИ.

**2.** **ВОВЕДУВАЊЕ БЕЗБЕДНОСЕН ПРОТОКОЛ ЗА ДИГИТАЛНИ КОМУНИКАЦИИ ЗА СИТЕ ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ, ЗА БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ НА ИНТЕРНЕТ, СЛУЖБЕНА ЕЛЕКТРОНСКА ПОШТА, СЛУЖБЕН МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН ИТН.**

**ОВОЈ БЕЗБЕДНОСЕН ПРОТОКОЛ ЌЕ БИДЕ ДОБЛИЖЕН И ПРЕЗЕНТИРАН ПРЕД ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ПРЕКУ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНА ПРОАКТИВНА КАМПАЊА.**

**3.** ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНАТА ИТ ИНФРАСТРУКТУРА ВО ВЛАДАТА И МИНИСТЕРСТВАТА И ПРОВЕРКА НА СИСТЕМОТ ЗА КОНТРОЛА НА МРЕЖНИОТ СООБРАЌАЈ, СО ЦЕЛ НАВРЕМЕНО СПРЕЧУВАЊЕ НА МАЛИЦИОЗЕН СООБРАЌАЈ И СПРЕЧУВАЊЕ НА НАДВОРЕШНИ НАПАДИ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА.

## 4. ПРОМЕНА НА ТЕЛЕФОНСКИОТ БРОЈ И МОБИЛНИОТ УРЕД НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РСМ, КАКО И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСЕН ПРОТОКОЛ ЗА ДИГИТАЛНИ КОМУНИКАЦИИ.

**5.** **ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ПРОТОКОЛ ЗА КРИЗНИ КОМУНИКАЦИИ ПОМЕЃУ ЦЕНТРАЛНИОТ ВЛАДИН КОМУНИКАЦИСКИ СЕРВИС И МИНИСТЕРСТВАТА, КОЈ ЌЕ ИМА ЗА ЦЕЛ БРЗО И ТОЧНО СПРОТИВСТАВУВАЊЕ НА ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ, КОИ СЕ ШИРАТ ПРЕКУ СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ И ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛИТЕ.**

# II. ПРОАКТИВНИ МЕРКИ

**6.** **ВЛАДАТА ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДА ВЛОЖУВА ВО АКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ, СО ЦЕЛ ДА ЈА ДОБЛИЖИ СВОЈАТА РАБОТА ДО ГРАЃАНИТЕ И ДА ЈА ЗГОЛЕМИ ДОВЕРБАТА НА ГРАЃАНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИИТЕ. СО НОВАТА „СТРАТЕГИЈА ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ" СТАНДАРДИТЕ ЌЕ СЕ ВТЕМЕЛАТ ВО СИСТЕМОТ И ЌЕ СЕ СОЗДАДЕ ЛИСТА НА ДОКУМЕНТИ И ИНФОРМАЦИИ КОИ ИНСТИТУЦИИТЕ ЌЕ БИДАТ ЗАДОЛЖЕНИ НА ОДРЕДЕНИ ВРЕМЕНСКИ ИНТЕРВАЛИ ДА ГИ ОБЈАВУВААТ И АЖУРИРААТ. ПРЕКУ ОБЈАВУВАЊЕ И СПОДЕЛУВАЊЕ ФАКТИ И ВИСТИНИТИ ИНФОРМАЦИИ, СЕ НАМАЛУВА ПРОСТОРОТ ЗА МАНЕВАР НА ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ.**

**7. ВЛАДАТА НА СВОЈАТА ВЕБ СТРАНА ЌЕ ОБЈАВУВА ОФИЦИЈАЛНИ ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊА НА МЕДИУМИ И ГРАЃАНИ, СО ЦЕЛ ДА СЕ СПРЕЧИ ИЗВРТУВАЊЕ НА ОФИЦИЈАЛНИТЕ СТАВОВИ НА ВЛАДАТА.**

**8. ВЛАДАТА ЌЕ ФОРМИРА АКЦИСКА ГРУПА ЗА БОРБА ПРОТИВ ДЕЗИНФОРМАЦИИ И НАПАДИ НА ДЕМОКРАТИЈАТА, СОСТАВЕНА ОД ПРЕТСТАВНИЦИ ОД КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РСМ, ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РСМ, СОБРАНИЕТО НА РСМ, ВЛАДАТА, КАБИНЕТОТ НА МИНИСТЕРОТ ЗАДОЛЖЕН ЗА КОМУНИКАЦИИ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ, МВР, МО, МНР, УПРАВАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ, АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ И ДРУГИ, ЧИЈА ЗАДАЧА ЌЕ БИДЕ АНАЛИЗИРАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ПОЈАВИТЕ НА ДЕЗИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА И КООРДИНИРАЊЕ НА БОРБАТА ПРОТИВ ШИРЕЊЕ НА ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ.**

**9. АКЦИСКАТА ГРУПА И ВЛАДАТА ЌЕ СПРОВЕДУВААТ ЕДУКАТИВНА КАМПАЊА ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ЗА ПОСТОЕЊЕТО И ШТЕТНОТО ВЛИЈАНИЕ КОЕ ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ ГО ИМААТ ВРЗ ОПШТЕСТВО.**

**10.** **ВЛАДАТА ЌЕ СПРОВЕДУВА ВНАТРЕШНА КАМПАЊА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДРЖАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА, ЗА ПОСТОЕЊЕТО И ШТЕТНОТО ВЛИЈАНИЕ НА ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ.**

**11. АКЦИСКАТА ГРУПА ЗА БОРБА ПРОТИВ ДЕЗИНФОРМАЦИИ И НАПАДИ НА ДЕМОКРАТИЈАТА АКТИВНО ЌЕ СОРАБОТУВА СО СИТЕ ПЛАТФОРМИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ КОИ НАЈЧЕСТО СЕ КОРИСТАТ ЗА БРЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ. ЌЕ БИДАТ ИЗВЕСТУВАНИ ЗА ПРОФИЛИ И ОБЈАВИ КОИ ШИРАТ ДЕЗИНФОРМАЦИИ И АКТИВНО ЌЕ СЕ ВКЛУЧИМЕ КАКО ДРЖАВА ВО НИВНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И БОРБА СО ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ.**

**12.** ВЛАДАТА ЌЕ ЗАПОЧНЕ ПРОЦЕС НА КРЕИРАЊЕ НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО ЧИИ РАМКИ ЌЕ БИДАТ ОПФАТЕНИ АКТИВНОСТИ НА ИНСТИТУЦИИТЕ, МЕДИУМИТЕ И ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР, КАКО И ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО ОБРАЗОВНИТЕ ПРОГРАМИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА. ВЛАДАТА ЌЕ ПОДДРЖУВА И ЌЕ БИДЕ АКТИВЕН ПАРТНЕР НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО СПРОВЕДУВАЊЕ ПРОГРАМИ И ТРЕНИНЗИ ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И ЌЕ СПРОВЕДУВА И ЕДУКАЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДРЖАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА.

**13.** ВЛАДАТА АКТИВНО ЌЕ ЈА ПОТТИКНУВА ДИСКУСИЈАТА ПОМЕЃУ МЕДИУМИТЕ, МЕДИУМСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР, СО ЦЕЛ САМОРЕГУЛАЦИЈА, КО-РЕГУЛАЦИЈА И УТВРДУВАЊЕ НА МЕДИУМСКИ СТАНДАРДИ ЗА ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛИТЕ, СОГЛАСНО ПРЕПОРАКИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА И СОВЕТОТ НА ЕВРОПА.

**14.** ВЛАДАТА ЌЕ ВОВЕДЕ ЈАСНИ КРИТЕРИУМИ ЗА МЕДИУМИТЕ КОИ СЕ АКРЕДИТИРАНИ ДА ГИ СЛЕДАТ ВЛАДИНИТЕ НАСТАНИ И ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИИ, ВО СОГЛАСНОСТ СО СТАНДАРДИТЕ НА НОВИНАРСКАТА ПРОФЕСИЈА.

**15.** ВЛАДАТА ЌЕ ОТВОРИ ДИСКУСИЈА СО МЕДИУМИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ МОДЕЛ НА ПОДДРШКА ЗА ПРОДУКЦИЈА НА МЕДИУМСКИ СОДРЖИНИ НА ТЕМА БОРБА СО ДЕЗИНФОРМАЦИИ, КАКО И ПОДДРШКА ЗА ЕДУКАТИВНИ ПРОГРАМИ И ТРЕНИНЗИ НАМЕНЕТИ ЗА МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ СО ЦЕЛ НИВНО ПРОФЕСИОНАЛНО СЕНЗИБИЛИЗИРАЊЕ ВО БОРБАТА СО ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ.

**16.** ВЛАДАТА И ИНСТИТУЦИИТЕ АКТИВНО ЌЕ СОРАБОТУВААТ СО СИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ПРОЕКТИ КОИ РАБОТАТ НА ПРОВЕРКА НА ФАКТИТЕ (FACT CHECKERS), ПРЕКУ НАВРЕМЕНО И БРЗО ОДГОВАРАЊЕ НА НИВНИТЕ ПРАШАЊА, ПРИ ПРОВЕРКАТА НА ФАКТИТЕ.

**17.** ВЛАДАТА ЌЕ ИНИЦИРА ОРГАНИЗАЦИИТЕ КОИ СЕ БАВАТ СО ПРОВЕРКА НА ФАКТИТЕ, ДА СОЗДАДАТ РЕГИСТАР ЗА УТВРДЕНИ И РАЗОБЛИЧЕНИ ДЕЗИНФОРМАЦИИ И ЛИНКОВИ ОД ИЗВОРИТЕ НА ИСТИТЕ.

**18.** РСМ ЌЕ ПОТТИКНЕ СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА И ЌЕ ПОБАРА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО СИСТЕМОТ ЗА БРЗО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ ЗА ШИРЕЊЕ НА ДЕЗИНФОРМАЦИИ (RAPID ALERT SYSTEM), СО ЦЕЛ РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ ОКОЛУ СОДРЖИНАТА И ТЕМИТЕ НА КАМПАЊИТЕ ЗА ДЕЗИНФОРМАЦИИ НИЗ ЕВРОПА.

Влада на Република Северна Македонија